ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 07.11.2012

# СООПШТЕНИЕ

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ!
## ОД 01.01.2013 НОВИНИ ВО ДОГОВОРИТЕ ЗА 2013 ГОДИНА

**Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) договори со Лекарскатата комора на Македонија (ЛКМ) и со Здружението на приватни лекари на Македонија (ЗПЛРМ) да воведе новини во договорите за 2013 година за унапредување на примарната здравствена заштита за своите осигуреници.**

**На пресот се обратија М-р. Маја Парнарџиева Змејкова, директор на ФЗОМ, г-дин Џемали Мехази, директор на ФЗОМ, Проф. Др. Кочо Чакаларoски, Претседател на Лекарската комора на Македонија, и Др. Лилија Чолакова Дервишова, Претседателот на здружение на приватни лекари на Македонија,.**

**ФЗОМ сака да извести за измените во договорите кои треба да се склучат меѓу матичните лекари и ФЗОМ за 2013 година а се однесуваат на превентивните мерки и активности во примарната здравствена заштита.** Согласно Договорите Фондот на матичните лекари им плаќа по каапитација како за лекување така и за извршување на превентивни мерки и активности, како што се превенција на анемија, проценка на состојба на исхранетост (прекумерна дебелина), превенција и контрола на астма, превенција на кардиоваскуларни заболувања, превенција на ракот на дојката, грлото на матката и простатата.

**Во новите Договори за 2013 година се воведуваат и следните новини:**

1. <u>ОПШТА МЕДИЦИНА</u>

- **Воведување на нова цел - <u>Превентивни активности за рано откривање на малигни болести на дебелото црево</u> (КРК - Колоректален карцином) на популација од 50 до 74 годишна возраст.** Овие заболувања се многу значајни, бидејќи се со висок морбидитет (честота на јавување) и висок процент на смртност. **Осигуреникот кај својот матичен лекар пополнува анкетен прашалник, а врз основа на одговорите за одредени симптоми и знаци матичниот лекар го упатува на понатамошно испитување кај лекар специјалист, со што се овозможува превенција и рано откривање на малигните болести на дебелото црево, како и превземање итни мерки за лекување.**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- <u>**Превенција на кардиоваскуларни болести**</u> **– во рамките на оваа цел се воведува и дополнително испитување на проценка на бубрежната функција со пресметување на вредноста на глоеруларна филтрациона рата** (ГФР), со цел за утврдување на степенот на оштетувања на бубрежната функција. **Придобивка за осигурениците од превенција на кардиоваскуларни болести е што со ЕКГ и биохемиските лабораториски и други испитувања се откриваат не само заболувања на срцето, туку и на другите органи (бубрези, мозок и др.)**

- **За остварување на целта - Рационално користење и рационално пропишување на лекови од Листата на лекови на товар на Фондот, има измена на просечен годишен лимит и тоа од 550,00 на 330,00 денари по поен.**

А) **Просечен годишен лимит од 330,00 денари по поен на годишно ниво со изземање на лековите со режим на пропишување на лекови на рецепт по препорака на лекар специјалист, субспецијалист и конзилиум на лекари од Листата на лекови на товар на Фондот, освен за групата антибиотици.**

**Придобивки за осигуреници** се непречено пропишување на лековите кои се по препорака на лекар специјалист, субспецијалист и конзилиум на лекари (освен за групата антибиотици) без ограничување, кои во договорот за 2012 година беа ограничени со лимитот 550,00 денари по поен на годишно ниво.

**Придобивки за матичните лекари** е што лимитот од 330,00 денари по поен на годишно ниво се однесува само на лековите пропишани од матичен лекар (најчесто користените лекови за покачен притисок и зголемен шеќер во крвта како: Enalapril, Skopril, Radomin, Glibedal и други), освен за групата антибиотици.

Б) **Просечниот годишен лимит за пропишување на лекови на рецепт од групата антибиотици и анксиолитици да изнесува 150,00 денари по поен на годишно ниво,** се однесува на пропишани анксиолитици по препорака на матичен лекар (најчесто користените анкциолитици како: Diazepam, Lexilium, Helex и други). Потоа за антибиотици по препорака на матичен лекар (најчесто користени антибиотици како: Cefalexin, Amoksiklav). Исто и за лекар специјалист или субспецијалист (начесто користени антибиотици како: Sumamed, Klaritromicin).

**Оваа измена се очекува да доведе до намалување на нерационалната употреба на антибиотиците, со што би се избегнало зголемувањето на резстиненцијата (осетливоста) на микроорганизмите на антибиотиците.**

**Мерките и актвностите истовремено ќе придонесат во намалување на зголемената употреба, но и злоупотребата на анксиолитици – лекови кои се најчесто пропишувани на пациентите со депресивни растројства.**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- <u>**Специфична медицинска едукација**</u>

**Со специфичната медицинска едукација на избраните лекари од дејноста општа медицина ќе се овозможи доусовршување на знаењата и запознавање со новините во дијагностиката и третманот на заболувањата, согласасно упатствата на медицина заснована на докази.** Со темите на едукацијата опфатени се заболувањата кои се многу чести кај населението, а се и значајни во изборот на методите на дијагностика и лекување.

**Избраниот лекар е должен во текот на 2013 година да посетува четири работилници во рамките на континуирана медицинска едукација на тема:**

1. Хронична обструктивна белодробна болест и Бронхијална астма предизвикана од алергени од различно потекло
2. Депресија предизвикана од стрес како животен стил (дијагноза и терапија)
3. Рационално пропишување на антибиотска терапија согласно упатствата на медицина базирана на докази
4. Кардиоваскуларни ризици (превенција, дијагноза и терапија)

**Заради подобрување на квалитетот на здравствените услуги во секоја ординација од општа медицина задолжително треба да има ЕКГ апарат. Прегледот за ЕКГ е бесплатен.**

2. <u>ГИНЕКОЛОГИЈА</u>

- **За постигнување на целта – микробиолошкиот брис која се остварува кај сите осигурени бремени жени, пролонгиран е рокот за земање и тоа од 12 до 30 недела од бременоста.** Во договорите за 2012 година рокот за земање на микробиолошкиот брис беше од 12 – 14 недела на бременост, што беше кус период за да се опфатат сите бремени жени.
- **Заради подобрување на квалитетот на здравствените услуги во секоја гинеколошка ординација задолжително треба да има ЕХО апарат. ЕХО прегледот е бесплатен.**

**Да напоменеме дека земањето на микробиолошкиот брис, како и ПАП – тест кај матичните гинеколози се бесплатни. Партиципација се наплатува за сите микробиолошки испитување во лабораторијата во вкупен износ од 250,00 денари, а за цитолошкото испитување за ПАП – тест партиципацијата изнесува 60,00 денари.**

- <u>**Специфична медицинска едукација**</u>

**Со специфичната медицинска едукација на избраните лекари од дејноста гинекологија**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**ќе се овозможи освежување на знаењата и запознавање со новините во дијагностиката и третманот на заболувањата, согласасно упатствата на медицина заснована на докази.**

**Избраниот гинеколог е должен во текот на 2013 година да посетува четири работилници во рамките на континуирана медицинска едукација на тема:**

1. Скрининг во прв триместар на бременост.
2. Превенција и предикција на предвремено породување.
3. Скрининг на цервикален карцином (рак на грлото на матката).
4. Скрининг на оваријален карцином (рак на јајници).

**Да напоменеме дека треба да биде истакнато пред гинеколошките ординации дека прегледите, ехо и колпопскопија се бесплатни, со цел да не бидат оштетени осигуреничките.**

3. <u>СПЕЦИЈАЛИСТИ</u>

**Новина во договорите за специјалистичко – консултативана здравствена заштита за 2013 година е тоа што фактурите до Фондот се доставуваат на квартално ниво, односно наместо досегашниот (во 2012 година ) месечен договорен надоместок, сега ќе имаат тромесечен.** Ова значи дека лекарот специјалист ќе може да оди на годишен одмор, без да се грижи дали ќе го оствари месечниот надоместок, бидејќи ќе има време во другите два месеци на тромесечјето да го оствари кварталниот надоместок.

**Значајно е и дека во новите договори за 2013 година Фондот изврши измени и во казнените одредби. Некои од паричните казни се преиначени во опомени, а исто така има и намалување на дел од паричните казни.**

**ФЗОМ е целосно посветен да овозможи поголема достапност на здравствените услуги како и подигнување на квалитетот на пружените услуги на што повисоко ниво.**

**Со почит,**
**ФЗОМ**